## Научно-истражувачка работа (проекти)

| | |
|---|---|
| **Датум од-до** | **01.02. 2016 до 01.02.2018** |
| **Наслов на проектот** | „Стекнување и развивање на преведувачко-толкувачките компетенции кај студентите на насоката за преведување и толкување преку примена на најновите транслатолошки достигнувања и технологии“. |
| **Главен истражувач - раководител** | Д-р Нина Даскаловска |
| **Носители на проектот-истражувачки тим** | д-р Нина Даскаловска,<br>д-р Драгана Кузмановска,<br>д-р Светлана Јакимовска,<br>д-р Даринка Маролова,<br>д-р Ева Ѓорѓиевска,<br>д-р Толе Белчев,<br>м-р Биљана Иванова,<br>м-р Јована Караникиќ<br>Мери Басовска-студент |

## Опис на активностите во тек на проектот:

Една од целите на овој проект е алатката за преведување Trados (2014) да се направи достапна за секој студент на групата за преведување и толкување, прво, преку нејзино инсталирање на повеќе компјутери, потоа преку континуирани обуки за студентите и за наставниот кадар, кој ќе ја надгледува работата на студентите, а потоа и преку практични вежби и симулации.

Освен со компетенции за примена на алатките за преведување, на студентите ќе им се понудат и поголем број на предавања и работилници од страна на професори и стручњаци кои се специјализирани и веќе афирмирани како преведувачи и кои би можеле да го споделат своето искуство со студентите, а воедно и да ги воведат во некои од техниките на превод што самите ги применуваат. Покрај компјутерски-потпомогнат превод (ККП), ќе бидат опфатени и други преведувачи пракси – конференциско толкување (симултано и консекутивно преведување), судски и книжевен превод. Во делот на конференциско толкување студентите ќе бидат обучувани во преведувачки лаборатории во кои се врши симулација на конференција. Судскиот превод ќе се практикува преку вклучување на студентите како преведувачи во симулирани судења. На полето на книжевниот превод студентите ќе се надградуваат преку предавања и креативни работилници на кои ќе се читаат текстови со различни стилски карактеристики, ќе се врши изнаоѓање на оригинални решенија за превод, ќе се согледуваат најчестите грешки при превод на фразеологизми, идиоми, адаптации.

Истражувачите во проектот, освен што ќе работат со различни групи на студенти и ќе ги воведуваат во методите на работа со кои не можеле да се сретнат во рамки на наставата, ќе имаат задача и да спроведуваат анкети, тестирања, интервјуа и експерименти пред и по завршувањето на обуката и ќе ги евидентираат резултатите. Сознанијата за придобивките од примената на новите методи на работа и технологии професорите ќе можат да ги искористат како средства за зголемување на мотивацијата кај студентите, затоа што доброто владеење на новите методи и техники би ги направиле

идните преведувачи конкурентни на пазарот во регионот и пошироко. Освен тоа и соработките со фирмите што филолошкиот факултет ќе ги оствари во рамките на овој проект би им го отвориле патот на нашите студенти кон нивната понатамошна професионална дејност.

Активностите на проектот се одвиваат според следната временска рамка од **Февруари 2016 до декември 2016:**

1. Обезбедување на материјали, просторни и технички услови за различните типови на превод
2. Инсталирање на техничка опрема за работа и асистенција на студентите при користење на најновите технологии во стекнување на вештини за преведување
3. Формирање на работилници
4. Спроведување на анкети, тестирања, експерименти со цел согледување на актуелните компетенции
5. Контактирање на истакнати стручњаци од обласа, организација на обуки од нивна страна, склучување на договори со лица и институции
6. Стимулирање на студентите во подобрување на квалитетот и брзината на превод
7. Учество на конференции, семинари и меѓународни списание во кои се соопштуваат тековните резултати од истражувањето

Бр. 1502-41/1
18.01 2016 год.
Штип

Врз основа на член 63 од Законот за високото образование („Службен весник на Р. Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15,20/15 и 98/15 год ), а во согласност со член 39 од Правилникот за начинот и условите на користење на средства од Фондот за научноистражувачка работа од страна на вработените научно истражувачки работници на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип (Гласник 28/2 ноември 2013 год.), Наставно - научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, на својата 134-та седница одржана на ден 18.01.2016 донесе

**ОДЛУКА**
**прифаќање на научно истражувачки проект**

**Член 1**

Се усвојува Барањето бр.0801-2/1 од 18.01.2016 год., поднесено од Проф. д-р Нина Даскаловска, главен истражувач на научно истражувачки проект за реализација на научно-истражувачки проектот.

**Член 2**

Се прифаќа реализацијата на научно-истражувачкиот проектот со наслов: „Стекнување и развивање на преведувачко – толкувачките компетенции кај студентите на насоката за преведување и толкување преку примена на најновите транслатолошки достигнувања и технологии" во траење од периодот февруари 2016 год. до февруари 2018 год.

**Член 3**

Проектот ќе се води во согласност со одредбите од Правилникот за начинот и условите на користење на средства од Фондот за научноистражувачка работа од страна на вработените научноистражувачки работници на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Член 5**

Примерок од одлуката да се достави до вработената и архивата на единицата.

в.д.Декан,

До ННС на Филолошкиот факултет

при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип

# Б А Р А Њ Е

согласност за реализација на проект

**Предмет**: Барање согласност за реализација на проект

**Наслов на проект** *„Стекнување и развивање на преведувачко-толкувачките компетенции кај студентите на насоката за преведување и толкување преку примена на најновите транслатолошки достигнувања и технологии“*

Јас, д-р Нина Даскаловска, главен истражувач и наставник во редовен работен однос на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип го поднесувам ова барање до горенаведениот наслов да одобри реализација на проектот со наслов: *„Стекнување и развивање на преведувачко-толкувачките компетенции кај студентите на насоката за преведување и толкување преку примена на најновите транслатолошки достигнувања и технологии“.*

**Временска рамка на проектот:** од февруари 2016 до февруари 2018

**Целна група:** студентите на групите за преведување и толкување од сите групи застапени на Филолошкиот факултет во Штип

**Предмет на истражување**: Придобивките од примената на најновите транслатолошки достигнувања и технологии за студентите – идни преведувачи и толкувачи

**Цел:** стекнување и развивање на преведувачко-толкувачките компетенции кај студентите на насоката за преведување и толкување во поглед на: компјутерски-потпомогнатото преведување, конференциското толкување, судското преведување и преводот на книжевни текстови.

**Истражувачки тим:** д-р Нина Даскаловска, д-р Драгана Кузмановска, д-р Светлана Јакимовска, д-р Даринка Маролова, д-р Ева Ѓорѓиевска, д-р Толе Белчев, м-р Биљана Иванова, м-р Јована Караникиќ и Мери Басовска

Со почит,

Штип, 18.01.2016

д-р Нина Даскаловска

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ
Примено: 18.01.2016
0801-2/1